Виолета ПЕТРОСКА - БЕШКА
Николина КЕНИГ

УДК: 316.48(=163.3=18)-057.87

# СЛИКАТА ЗА СОПСТВЕНИОТ И ЗА ДРУГИОТ ЕТНИКУМ КАЈ СТУДЕНТИТЕ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Историската перзистентност на процесот на организирање на човечките заедници во комплексен систем на групи, резултира со длабока психолошка потреба за групна припадност и идентификација. Додека индивидуалниот идентитет се формира низ континуираните препознавања на разликите помеѓу себе и не-себе, групниот идентитет се формира преку разликите на групниот селф од селфот на *Другиот*. Како што опозицијата *јас* наспроти *не-јас* го обезбедува чувството на личен идентитет и интегритет, така класификацијата на луѓето во меѓусебно исклучивите категории *ние* наспроти т*ие (другите)*, е услов за дефинирање на групната припадност. Самата диференцијација на социјалната реалност во категории, која се прави преку различни маркери (на пример пол, професија, раса), не може да продуцира чувство на групен идентитет, доколу не се доживее сличност или истоветност на себе си и останатите индивидуи кои ѝ припаѓаат на групата. Чувството на хомогеност и поврзаност помеѓу припадниците на една социјална категорија се обезбедува преку продукција на разлики, бидејќи, за да се доживее колективна сличност и солидарност, неопходно е да се доживее различност и дисоцираност од групата на која не се припаѓа.

Токму од тие причини, генезата на претставата за *Нас*, односно менталната репрезентација на селфот на *сопствената* група, почива врз структурирањето на претставата за *Другиот*. Сликата за *Другиот*, вообичаено содржи елементи контрастни на претставата за *Ние*, и токму преку тие елементи се обезбедува посебноста на селфот на *сопствената*

група. Без исклучок, во сликата за *сопствената*група се вградени атрибути со позитивна вредносна конотација, додека во сликата за *Другиот* доминираат содржини кои во себе содржат негативен вредносен набој (Baron and Byrne, 1987). Психолошката „смисла" на создавањето и одржувањето на дерогаторната конотација на стереотипот за *Другиот* не се сведува само на економичност во когнитивната организација на реалноста, туку има и функција на обезбедување чувство на групна гордост и супериорност. Универзално распространетото верување во доблесноста на сопствената група наспроти останатите, потврдено во огромен број емпириски истражувања (Secord et. al, 1976), почива на едноставната логика на опозиција: ако тие на кои јас не им припаѓам се инфериорни, јас, бидејќи сум друг(а) и сосема дисоциран(а) од нив, сум супериорен(а).

Една од онтогенетски најрано искусените групни идентификации е етничката. Колку и да е различна од аспект на конкретната содржина, метапсихолошката анализа на идејата за етнички *Другиот* упатува на постоење идентични механизми врз кој таа се формира. Едниот од нив е познат како *нарцизам на мали разлики* (Volkan, 1999), а се сведува на негација (непрепознавање) на сличностите на сметка на преувеличување и на најминорните разлики. Потребата да се направат дистинкции (да се постават психолошки граници) е дотолку поголема доклоку групите се меѓусебно послични, а особено ако се во компетитивен однос (Кениг, 2000а). Инсистирањето на што поексплицитно манифестирање на разликите во секојдневните интеракции е јасен симптом на тоа дека тензијата помеѓу етничките групи прогредира.

Креирањето на посебноста само по себе нема малигни последици врз односите помеѓу етничките групи. Она што на во себе го содржи потенцијалот за покренување и потхранување на судирите помеѓу етничките групи е „темната" страна на сликата за *Другиот*, односно неговата негативна стереотипизација. Основа на тој аспект на сликата за Другиот е механизмот на *екстернализација на неприфатливите елементи на селфот* надвор од него и нивно проектирање врз припадници на другите групи. Онака како што малите деца се ослободуваат

од анксиозноста предизвикана од „лошите" делови од себството (агресивни импулси, срам исл.) припишувајќи им ги на предметите околу себе (Novick & Kelly, 1970), така низ процесот на интеракција помеѓу групите неприфатливите елементи за претставата за себе се проектираат на останатите групи. Ослободувањето од непожелните содржини носи двојна „добивка" за индивидуата. Од една страна, селфот се растеретува од анксиозноста на начин којшто е сосема прифатлив, па дури и поттикнуван од околината, а од друга, го гради самопочитувањето преку споредбите со „инфериорниот" *Друг* (Кениг, 2000).

Сликата за за *сопствената* етничка група и сликата за етнички *Другиот* се прилично константни, но не се и потполно неменливи. Бидејки групите се неминовно ситуирани во даден конкретен социјално–историски контекст, нивните актуелни односи, како и позицијата која ја имаат во заедницата се значајни фактори кои ја одредуваат взаемната перцепција. Horowitz (1985) разликува два главни вида на етнички системи: *рангирани* (или хиерархиски) и *нерангирани* (или паралелни) системи. Кога класната стратификација и дистрибуцијата на престиж и чест коинцидира со етницитетот на групите, тогаш системот е хиерархиски. Во тие околности, надредената група, со оглед на тоа дека не е во компетитивен однос со подредената, проектира содржини врз подредената група кои немаат конотација на опасност. Така, сликата за нив типично упатува на „нечистотија", „необразованост", „мрзеливост" и слично. Со тек на времето, подредената група ја интроектира оваа слика како дел од сликата за себе, што резултира со ниско самовреднување и идеализација на етнички *Другиот*.

Кај паралелните етнички системи нема јасна поделба на социјалната, економска и политичка моќ по основа на етницитет, туку етничките групи функционираат слично како посебни мали општества со сопствена автономија. Позицијата на етничките групи една наспроти друга може да варира во зависност од сферата на општествено живеење: едната група може да е суперординирана во рамки на една сфера но субординирана во друга. Доаѓајќи во контакт едни со други, припад-

ниците на различните етнички групи развиваат низа на компетитивни стратегии за зацврснување на „супериорноста" на својата култура над другата. Во таа атмосфера, сликата за етнички *Другиот* може да содржи елементи кои индицираат признавање на извесна доблесност на спротивната група, но доминантни се проекциите на атрибути како што се на пример „подмолност", „агресивност", „сексуална девијантност", „склоност кон измама", односно карактеристики кои сугерираат дека групата не е само помалку вредна туку и опасна (Putinja & Stref-Fenar, 1997). [1]

Општата атмосфера во *заедницата* е уште еден фактор кој има важна улога во поглед на динамиката на менувањето на сликата за етнички *Другиот*. Во услови кога социјално-економските и политички односи се релативно релаксирани, и кога различните етнички групи кои живеат во заедницата немаат јасно субјективно доживување за постоење на јасна асиметрија во дистрибуцијата на социјалната моќ, сликата за *Другиот*, каква и да е нејзината конкретна содржина, има улога на етничка граница, те. репер за градење на идентитетот на сопствената етничка група и зацврснувач на групната кохезивност (Кениг, 2002). Но, кога околностите во заедницата продуцираат масивен стрес (идеолошка, економска или политичка криза), во претставата за *Другиот* постепено стануваат доминантни елементите кои го опишуваат како некој што има потенцијал за уништување и претопување. Така, етнички *Другиот* од инфериорен станува опасен *Непријател*. Под дејство на таа претстава, се зголемува социјалната дистанца помеѓу групите, а со тоа и можноста за какво и да е реално искуство со припадници на другата етничка група. Во тие околности, особено ако конфликтот е долготраен,

[1] Емпириските истражувања со деца на возраст од 10 год. (Петроска - Бешка и Најчевска, 1998; Петроска - Бешка и Кениг 2001) за односот меѓу етрничките групи во Р. Македонија покажуваат дека различните етнички групи различно се позиционираат во општествените рамки. Така на пример, постојат индикации дека ромската популација се доживува себе си како субординирана во однос на сите други етникуми, а особено во однос на Македонците (себе си се вреднуваат ниско, а ги идеализираат останатите). Истовремено, испитаниците од македонската и албанската етнчка заедница инклинираат кон идеализација на сликата за себе во однос на другите.

сликата за другиот непречено се повеќе и повеќе се демонизира. Во динамиката на креирањето на претставата за *Нас* наспроти *Нив*, носечка улога почнува да добива стравот предизвикан од перцепираната закана за одржување на идентитетот на групата. Стравот уште повеќе ја засилува илузијата за комплетната недиференцираност на другата етничка група, како и за нејзината хомогеност во поглед на групните цели и аспирации, што пак, ја потхранува идејата дека *Другиот* има моќ да претопува или уништува.

Колку пак е посилна дисторзијата на претставата за *Другиот*, толку расте идеализацијата на претставата за сопствената етничка група (Crocker & Shwartz, 1985; Ruttenberg *et. al*, 1996). Колективно споделената идеја за агресивниот и обесчовечен *Друг*, наспроти доблесноста и вулнерабилноста на *сопствената* етничка група, неретко станува општоприфатено средство за рационализација на најбруталните обиди за меѓусебно уништување.

Со оглед на фактот дека развојот на *меѓуетничките односи* во Р. Македонија, особено кога се работи за релацијата Македонци-Албанци, ги има обезбедено сите предуслови за меѓусебно перцепирање низ призмата на *Нас* наспроти *Вас*, интересно е да се проверат ефектите од таквото перцепирање во реалноста. Уште поинтересно е, ако популацијата или популациите на кои ќе се врши проверката бидат припадници на спротиставените етникуми, кои по природата на нештата се „принудени" во сегашноста меѓусебно да комуницираат и во иднина да учествуваат во негувањето на меѓуетничкото и меѓукултурното разбирање. Затоа, целта на ова истражување е да даде одговор на прашањата:

1. Каква е сликата за *сопствениот* етнички селф наспроти сликата за етнички *Другиот* кај Македонците и кој Албанците што студираат на Педагошкиот Факултет во Скопје?
2. Како сликата за *сопствениот* етнички селф наспроти сликата за етнички *Другиот* се менува со текот на времето, под вли-

јание на општествено-политички настани со конотација на меѓуетнички конфликт?

# МЕТОД

## Испитаници

Овој истражувачки труд опфаќа четири мерења извршени во различно време (1996, 1998, 2000 и 2002 година) на четири примероци извлечени од иста популација - студенти на Педагошкиот факултет во Скопје. Во секое мерење учествуваа повеќето редовни студенти (Македонци и Албанци) од I и II година на студии, кои се подготвуваат за идни одделенски наставници и предучилишни воспитувачи. Бројниот состав на примероците е даден во Табела 1.

**Табела 1.** Бројот на испитаници според етничкиот состав на примероците

| | македонски студенти | албански студенти | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1996 год. | 159 | 156 | 315 |
| 1998 год. | 143 | 139 | 282 |
| 2000 год. | 227 | 171 | 398 |
| 2002 год. | 118 | 142 | 260 |
| | 647 | 608 | 1255 |

## Инструмент и постапка

Како инструмент за прибирање на податоците користена е една варијанта на Osgood-овиот семантички диференцијал, која е за прв пат употребена во студијата на Lumsden (1997), а потоа и во студијата на

Петроска-Бешка со сор. (1999). Тоа е листа од 16 парови придавки претставени со нивните позитивни и негативни крајности, кои се проценуваа на скала од седум степени. Од испитаниците се бара да изберат еден од трите степени на двата краја на континуумот, кои покажуваат различно ниво на прифаќање (или нула доколку одговорот е неутрален или несигурен) со цел да се опише секој презентиран концепт. Во истражувањето се користени два од концептите опфатени со иснтрументот: Македонците и Албанците.[2]

Според барањата на Osgood-овиот семантички диференцијал, листата од 16 придавки што го сочинуваат инструментот е групирана во три биполарни димензии, кои ги проценуваат концептите од аспект на *вреднување* (евалуација), *моќност* (потенција) и *активност*. Следствено на тоа, основната анализа и презентација на резултатите е направена во рамките на овие три димензии:

1. **вреднување** ***(добри-лоши)***: добри-лоши, алтруисти-егоисти, друштвени-недруштвени, љубезни-сурови, искрени-неискрени, успешни-неуспешни, интелегентни-неинтелегентни и помирливи-кавгаџии
2. **моќност** ***(силни-слаби):*** силни-слаби, строги-попустливи, храбри-плашливи и мажествени-женствени
3. **активност** ***(активни-пасивни)***: активни-пасивни, избувливи-смирени, со предумисла-без предумисла и тешки-лесни

Инструментот, подготвен во две јазични верзии (на македонски и на албански) со повеќе различни комбинации од редоследи на концептите, им беше задаван на испитаниците со објаснение дека нивните индивидуални одговори ќе останат анонимни.

Инструментот е задаван во четири наврати. Прв пат, во **јануари 1996**, во атмосфера на негирање на постоењето на меѓуетнички конфликт, но по нараснати етнички тензии како резултат на зборнувањата околу отпочнувањето со работа на универзитетот во Мала Речица

[2] Со примената на целиот инструмент опфатени се шест етнички групи како посебни концепти за вреднување: Македонци, Албанци, Турци, Грци, Бугари и Срби.

(декември 1994) што Власта го прогласи за нелегален и по повод чие отварање дојде до оворен судир меѓу полицијата и дел од албанското население (јануари 1995). Втор пат, во **март 1998**, откако завршија настаните околу Законот за Педагошкиот факултет: бојкотот на наставата од страна на студентите-Албанци како протест против наметнување настава на македонски јазик по некои од предметите на факултетот (во текот на учебната 1996/97 година) и демонстрациите на македонските студенти и средношколци по повод озаконување на можноста на факултетот да се организира настава за албанските студенти исклучиво на албански јазик (февруари 1997). Меѓу побитните масовни јавни демонстрации на незадоволство се вбројуваат и Гостиварските настани од јули 1997 год., кога дојде до отворен судир меѓу месното албанско население и полицијата по повод одбивањето да се почитува забраната за користење на знамето што Албанците го сметаат за национален симбол, а Власта го толкува како симбол на друга држава.[3]

Инструментот е зададен по трет пат, во **мај 2000**, скоро една година по Косовската бегалска криза - по враќањето на Албанците-бегалци од Македонија во Косово (јуни 1999) и воведувањето меѓународна контрола врз Косово. Последен, четврти пат, истражувањето е повторено во **март 2002**, по завршувањето на оружениот конфликт во Македонија и започнувањето со имплементација на Рамковниот договор од Охрид.

## РЕЗУЛТАТИ

Анализата на податоците се базираше на групните аритметички средини добиени од индивидуалните вредности на скалата од 1 до 7, каде со 1 е означен најпозитивниот крај на биполарната димезија, со 7 - најнегативниот крај, а со 4 (±0,25) е означена неутралната точка. Притоа, анализата бараше да се утврдат и споредат просечните проценки на

[3] Поопширна анализа на податоците од првите две мерења (1996 и 1998) е презентирана во трудот на Петроска-Бешка, Поповски и Кениг (1999).

биполарните димензии за секој од трите фактори, кои се изведени од аритметичките средини (М) за релевантната група парови од придавки. Така добиените податоци, придружени со соодветните стандардни отстапувања како показатели на хомогеноста на добиените проценки, се прикажани во соодветни табели (Табела 2.-4.)

За ра се утврдат разликите меѓу така добиените аритметички средини од една до друга етничка група и од едно до друго мерење, применета е двонасочна анализа на варијанса.[4] Споредбите што се опфатени со АНОВА-та, прикажани се само графички (Слика 1.-3).

**Табела 2.** Аритметички средини (и стандардни отстапувања) на проценките за факторот вреднување (добри-лоши)

| | *за СЕБЕ* | | *за ДРУГИТЕ* | |
|---|---|---|---|---|
| | МАК за МАК | АЛБ за АЛБ | МАК за АЛБ | АЛБ за МАК |
| 1996 год. | **2,72** (0,77) | **1,97** (0,70) | **4,86** (1,11) | **3,75** (1,26) |
| 1998 год. | **2,53** (0,80) | **1,79** (0,78) | **5,11** (1,16) | **4,32** (1,29) |
| 2000 год. | **2,47** (0,91) | **1,94** (0,97) | **5,21** (1,15) | **4,60** (1,52) |
| 2002 год. | **2,43** (0,91) | **1,77** (1,92) | **5,17** (1,27) | **4,89** (1,51) |

Резултатите од првиот дел од Табела 2. (*за себе*) и Слика 1. покажуваат дека албанските студенти повисоко ја вреднуваат сопствената етничка група, откоку што е тоа случај со македонските студенти. Кај двете групи испитаници се јавуваат разлики од првото до последното мерење кои укажуваат на подобрување на сликата за себе - проценките на димензијата *добро-лошо* се зголемени од 1996 до 2002 год. За разлика од континуираниот тренд во таа насока кај македонските испитаници,

[4] Сите заклучоци во однос на разликите меѓу М-и можат да се припишат на статистичките наоди - доколку се зборува за разлики меѓу аритметичките средини, тоа всушност значи дека применетата статистичка процедура со најмалку 95% сигурност покажала дека постои значајна разлика ($p<0,05$). Значајните $F$-односи кога се работи за разликите од едно до друго *мерење*, како и за разликите што произлегуваат од интеракциите *мерење-етницитет* се дополнително анализирани со Scheffe тестот.

кај албанските се забележува отстапување по Косовската криза, кога тие себе си се вреднуваат како помалку добри отколку во годината на мерење пред и после тоа. Забележливо е и дека во 2002 година, албанските студенти се најмалку хомогени во вреднувањето на „сопствениот" групен селф.

Вториот дел од Табела 2. (*за другите*) и Слика 2. говорат дека албанските испитаници повисоко го вреднуваат етнички *Другиот*. За Македонците, Албанците од секогаш биле повеќе *лоши* отколку *добри* и таквата ситуација не се менува без оглед на настаните. За Албанците пак, Македонците „станале" повеќе *лоши* отколку *добри* по 2000 год., со тенденција да се перцепираат сè полоши. Варијациите во стандардните отстапувања индицираат дека постои поголема согласност кога се проценува сопствената група, отколку кога се проценува *Другата*, со тенденција албанските студенти да се помалку хомогени од македонските во тој поглед.

**Табела 3.** Аритметички средини (и стандардни отстапувања) на проценките за факторот моќност (силни-слаби)

| | ***за СЕБЕ*** | | ***за ДРУГИТЕ*** | |
|---|---|---|---|---|
| | МАК за МАК | АЛБ за АЛБ | МАК за АЛБ | АЛБ за МАК |
| 1996 год. | **3,53** (1,06) | **2,15** (0,85) | **3,73** (1,08) | **4,44** (1,28) |
| 1998 год. | **3,39** (1,22) | **1,94** (0,77) | **3,64** (1,33) | **4,62** (1,20) |
| 2000 год. | **3,84** (1,31) | **1,98** (0,96) | **3,43** (1,27) | **4,92** (1,40) |
| 2002 год. | **3,42** (1,30) | **1,87** (0,84) | **3,83** (1,48) | **4,89** (1,24) |

Кога се работи за *моќноста* (Табела 3), проценките за „сопствениот" групен селф повторно се разликуваат, при што сликата за себе на Албанците, која е похомогена, упатува на доживување на поголема моќност, отколку сликата за себе на Македонците, која е и похетерогена. Критичен пад во проценката на сопствената моќноста се јавува кај маке-

донските испитаници по настаните врзани за Косовската криза – во 2000 година, Македонците се приближуваат во доживувањето на сопствената моќност кон неутралната точка (*ниту силни, ниту слаби*).

Од вториот дел од истата табела се гледа дека сликата за *Другиот* кај македонските студенти е рамноправна по однос на димензијата моќност со сликата за *сопствениот* групен селф. Од друга страна, албанските студенти ги сметаат Македонците за помалку моќни отколку што се сметаат себе си, па дури ги перцепираат како повеќе *слаби* отколку *силни*, а себе си се доживуваат за доста *силни*.

**Табела 4.** Аритметички средини (и стандардни отстапувања) на проценките за факторот активност (активни-пасивни)

| | *за СЕБЕ* | | *за ДРУГИТЕ* | |
|---|---|---|---|---|
| | МАК за МАК | АЛБ за АЛБ | МАК за АЛБ | АЛБ за МАК |
| 1996 год. | **3,48** (0,90) | **2,87** (0,99) | **2,96** (1,01) | **3,56** (1,14) |
| 1998 год. | **3,52** (1,06) | **2,66** (1,05) | **2,95** (1,17) | **3,77** (1,28) |
| 2000 год. | **3,58** (1,11) | **2,50** (1,08) | **2,99** (1,12) | **4,11** (1,47) |
| 2002 год. | **3,44** (1,09) | **2,29** (1,00) | **2,79** (1,42) | **4,19** (1,58) |

Резултатите за факторот *активност* прикажани во Табела 4. покажуваат дека Албанците се сметаат себе си за поактивни отколку што е тоа случајот со Македонците. Сепак, споредено со другите фактори, Албанците ја сметаат сопствената активност како најмалку изразена. Со текот на времето, доживувањето на *сопствената* активност кај Албанците постепено расте, со тоа што во 2002 год. тие се перцепираат како многу поактивни отколку во 1996 год. Затоа пак, Македонците, не само што се перцепираат како помалку активни (поблиску до неутралната точка), туку се и константни во таквите проценки.

Табелата 4. читана во целина, покажува дека постои совпаѓање на перцепцијата на Македонците за активноста на Албанците со само-

перцепцијата на Албанците. При тоа, Македонците не ја менуваат сликата за Албанците - од секогаш ги сметале за поактивни од себе.За разлика од нив, Албанците ги гледаат Македонците главно како помалку активни, па дури и ја менуваат сликата за нив по Косовската бегалска криза - наместо како активни, во 2000 год., па дури и во 2002 год, ги перцепираат како неутрални (ниту *активни*, ниту *пасивни*). Истовремено, за двете групи испитаници е карактеристично тоа што со текот на времето се зголемува хетерогеноста во проценката на *Другиот*.

***вреднување - СЕБЕ***




***вреднување - ДРУГИТЕ***




Слика 1. Графички приказ на добиените проценки за факторот
***вреднување***







Слика 2. Графички приказ на добиените проценки за факторот **моќност**







Слика 3. Графички приказ на добиените проценки за факторот **активност**

## ДИСКУСИЈА

***Сликата за „сопствениот" етнички селф наспроти сликата за етнички Другиот кај Македонците и кој Албанците што студираат на Педагошкиот Факултет во Скопје***

Гледано во целина, во сликата за себе на Македонците, најпозитивно е изразено вреднувањето, а моќноста и активноста се поблиски до неутралното (себе си се гледаат повеќе како добри отколку како лоши). Во контекст на социјалната пожелност на проценуваните карактеристики, ваквиот наод би можел да се интерпретира како тенденција кон доживување на себе си во светлото на културално пропишаниот идеал: Македонците се добри, мирни, кротки, трпеливи.

Од друга страна пак, сликата која Македонците ја имаат за Албанците, ги содржи елементите кои сликата за *Другиот* ја дефинираат како слика за *Непријателот*. За нив, Албанците не се само инфериорни во вредносна смисла (значи *лоши*), туку истовремено се и моќни и активни (повеќе отколку немоќни и пасивни), што значи дека се *опасен* противник. Ова упатува и на констатацијата дека Македонците не ги доживуваат Албанците како некои кои во хиерархијата на социјалната моќ се наоѓаат подолу од нив, затоа што е многу јасно дека не ги проценуваат само како безвредни.

Од резултатите произлегува дека ниту Албанците немаат субјективно доживување на подреденост во секој поглед и покрај јавно изрекуваните загрижи дека тоа е така во објективните односи со македонскиот етникум. Ако се земат предвид закономерностите што ја дефинираат перцепцијата на односите меѓу етничките групи, постоечките доживувања на албанскиот етникум не се вклопуваат во шемите за хиерархиски организираните системи, во кои субординираната група секогаш го интроектира во групниот селф негативниот стереотип што за неа го креира доминантната етничка група. Тоа значи дека Албанците, не само што не го вградиле негативниот стереотип на Македонците во својот идентитет, туку и крајно ја идеализирале сликата за себе. Себе-

доживувањето на Албанците како крајно добри, прилично моќни и доста активни може да се интерпретира или како реакција на чувството за колективна загрозеност, или како последица на поинаков културален модел на дефинирање на етничкиот идеал.

Истовремено, Албанците ја градат сликата за Македонците како за немоќен и пасивен *противник* со кој не би им било тешко да се справат. Тие ги гледаат Македонците како лоши (но не премногу), немоќни и неактивни, што значи – *безопасни*.

***Промените во сликата за „сопствениот" етнички селф наспроти сликата за етнички Другиот се менува со текот на времето, под влијание на општествено-политички настани со конотација на меѓуетнички конфликт***

Земено во целина, кај едната и кај другата група, вредносната компонента на сликата за себе се подобрува, наспроти тоа што сликата за Другиот пројавува тенденција за влошување. Во целокупниот временски след од 1996-2002, највпечатлива е улогата на Косовските настани, кои се одразуваат на сликата за Албанците. Така, не само доживувањата за *Другиот* од страна на Македонците, туку и себедоживувањата на Албанците инклинираат кон пад во вреднувањето. Спротивно на очекувањата, оружениот судир од 2001 год. не придонел значително за промена на вреднувањата на сликата за Албанците во однос на временскиот период кој непосредно му претходел, но затоа пак предизвикал хетерогенизација кај Албанците во поглед на нивната увереност во сопствената добрина.

Косовската криза повторно се јавува како клучен настан – по неа, Македонците се доживуваат себе си како најмалку моќни, па дури и се приближуваат кон чувството на немоќ, додека пак на Албанците им припишуваат моќ повисока и од онаа по оружениот судир во Македонија. За Албанците важи обратното – нивното доживување на немоќ кај Македонците кулминира во годината по Косовската криза, а доживувањето на сопствената моќ по оружениот судир.

Кога се работи за активноста, повторно важи логиката на констраст во сликите што ги градат Албанците – колку себе си се доживуваат како поактивни, толку Македонците ги гледаат како помалку активни. Доминантно влијание врз перцепирањето на активноста имаат настаните во 2001 год. Тие придонесуваат Македонците да гледаат на Албанците како на доста активни, што се совпаѓа со самоперцепцијата на Албанците. Од друга страна пак, истите настани ја менуваат сликата на Македонците за себе, преобратувајќи го доживувањето на постепено пасивизирање кон зголемување на активноста, што Албанците пак, не само што не го „чувствуваат“, туку и го вклопуваат во постојниот тренд на доживување на Македонците како се помалку активни.

Наодите јасно покажуваат дека со текот на времето, двете групи сè повеќе психолошки се дистанцираат. Иако е тешко да се ставаат релевантните општествено-политички настани и заемната перцепција на етничките групи во јасно дефиниран причинско-последичен однос, сепак е можно да се зборува за постоење на спирала што се повеќе ги оддалечува групите. Не треба голема мудрост за да се констатира дека без сериозни напори за прекинување на спиралата, двете слики за *Другиот* јасно ќе се издиференцираат во слики за *непомирлив Непријател*, после што е тешко да се очекува било какво меѓусебно приближување. Токму Педагошкиот факултет може да се смета како место што обезбедува најдобри услови за преземање сериозни чекори во тој правец.

(Рецензент: *Доц. д-р* Михајло Поповски)

## ЛИТЕРАТУРА


1. Crocker, J., & Shwartz, I. (1985). Prejudice and intergroup favouritismin a minimal intergroup situation: Effects on self-esteem. *Repsonality and Social Psychology Bulletin,* 20, 503-513
2. Horowitz D. (1985). *Ethnic Groups in Conflict.* Berkley: University of California Press
3. Lumsden M. (1997). *Peacebuilding in Macedonia: Searching for Common Ground in Civil Society.* Oslo: Peace Research Institute
4. Кениг, Н. (2000). Етничките конфликти од психоаналитичка перспектива. *Зборник 100 Години психоанализа*, Скопје: Филозофски факултет, стр. 85-100
5. Кениг, Н. (2000а.) *Споредба на етничкиот идентитет на Македонците и Албанците во Република Македонија со користење на инструмент за структурна анализа на идентитетот* (необјавен магистерски труд)
6. Кениг, Н. (2002). Психодонамиката на етничките конфликти како појдовна основа за промени во образовниот контекст. Зборник трудови: Другиот во македонски контекст. Скопје: Институт Отворено Општество (во печат)
7. LeVine, R.A. & Campbell, D.T., (1972). *Ethnocentrism: Theories of Conflict, ethnic attitudes and group conflict.* New York: Wiley
8. Novick, J. & Kelly, K. (1970). Projection and Externalization. *Psychoanalytic Study of the Child*, vol. 25, pp. 69-95.
9. Petroska-Beška V. & Naj
10. evska M. (1998). *Our Neighborhood.* (необјавен труд, подготвен за Search for Common Ground, Washington, DC)
11. Петроска-Бешка В., Поповски М. и Кениг Н. (1999). Етничките стереотипи кај идните воспитувачи и одделенски наставници. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св Кирил и Методиј"-Скопје, 26 (52),* 259-278

12. Petroska-Beška V. & Kenig N. (2001). *Our Neighborhood: Ethnic and Gender Stereotypes Among Ten-Year-Old Children.* (необјавен труд, подготвен за Search for Common Ground, Washington, DC)
13. Putinja F. & Stref-Fenar Z. (1997). *Teorije o etnicitetu.* Beograd: XX vek
14. Ruttenberg, J., Zea, M. & Sigelman, C. (1996). Collective Identity and Intergroup Prejudice Among Jewish and Arab Students in the US. *The Journal of Social Psychology*, vol. 136/2, 209-220
14. Secord, P., Backman, C. & Slavitt, D. (1976). Understanding Social Life: An Introduction to Social Psychology. New York: McGraw Hill Book Company
15. Salazar, J.M. (1983). On the psychological viability of Latin-Americanism. *International Social Science Journal*, 35, 295-308
16. Tajfel, H. (1981). *Human groups and social cathegories: Studies in social psychology.* Cambridge: Cambridge Universty Press
17. Volkan, V. (1997). *Blood Lines: From Ethnic Pride to Ethnic Terrorism.* New York: Farrar, Straus and Girox.
18. Volkan, V. (1999). Psychoanalysis and Diplomacy Part II: Large Group Rituals. *Journal of Applied Psychoanalytic Studies.* Vol.1 no.3, pp. 223-245.

## SUMMARY

This paper presents the findings of an empirical research conducted in four separate phases in 1996, 1998, 2000 and 2002, aiming to address the following questions: (1) What is the image of the own ethnic self as opposed to the ethnic self of the Other held by ethnic Macedonian and ethnic Albanian students at the Pedagogical Faculty in Skopje? and (2) How do these images change by time, under the impact of socio-political events relevant for the interethnic relations?

The results show that both groups (especially the Albanian one) develop an idealized image of the *own* ethnic self. Ethnic Macedonian students view the ethnic *Other* as being bad, powerful and active, meaning a *dangerous Enemy,* whereas ethnic Albanian students see the ethnic *Other* as being bad (but not very much bad), powerless and passive opponent not difficult to cope with.

By the time, the two groups are becoming more and more distant. The most crucial impact in the mutual perceptions of the groups can be attributed to the events related with the Kosovo crisis. It is concluded that unless serious efforts towards ceasing the spiral of social distance are not undertaken in near future, the both images of the ethnic *Other* will turn into clear images of relentless *Enemy.*

***Key words:*** *ethnic identity, image of the own ethnic group, image of the ethnic Other, interethnic conflict*